КОНФЕРЕНЦИЈА СОЛУН, МАЈ 2014

На 8 и 9 мај 2014 година во Солун, Р.Грција, се одржа Првата Конференција на тема „Европска територијална соработка: Промовирање на најдобрите пракси и размена на искуства“, во рамките на грчкото претседателство на Советот на ЕУ. Конференцијата беше организирана од страна на Телото за управување со програмите на Европската територијална соработка на Р. Грција.

На конференцијата присуствуваа Главниот ревизор за ИПА и Помошникот на Главниот ревизор за ИПА кој раководи со Секторот за ревизија на Компонентата за Прекугранична соработка, како претставници од Ревизорското тело, заедно со претставници од Секретаријатот за европски прашања, претставници од проектните партнери од Р.Македонија и Р.Грција, претставници од Европската Комисија – Генерален Директорат за регионална и урбана политика како и претставници од невладини организации.

Целта на конференцијата беше искористување на постоечките искуства и научени лекции, како и насочување на напорите кон трансформирање на индивидуалното и институционално искуство и знаење во капитал кој што може да се искористи во иднина, односно од ИПА 1 во новиот програмски период. Беше организирана и тркалезна маса на тема Капитализација и перспективи.

На Конференцијата имаше обраќања од страна на организаторот кон учесниците како и презентации за методологијата и резултатите од најдобрите практики од страна на водечките партнери во проектите и се изврши презентација на тема: во пресрет на новиот период за програмирање 2014-2010 година.